# ИНФОРМАЦИИ И УСЛОВИ ЗА ЧЛЕНСТВО
# во Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ

## ЗА МАСИТ

Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ ја претставува Македонската ИКТ индустрија и ги промовира и застапува бизнис интересите на ИКТ компаниите со цел унапредување и развој на ИКТ индустријата и бизнис опкружувањето.

**ВИЗИЈА:** *Овозможување раст на македонскиот ИКТ сектор, преку унапредување на македонската економија и просперитет со посилна, поорганизирана и прогресивна ИКТ индустрија, градејќи препознатлив имиџ во земјата и странство.*

**МИСИЈА:** *МАСИТ е лидер на конкурентниот ИКТ сектор во Македонија кој е поддршка за развој на дигиталното општество преку иновативна и модерна ИКТ индустрија.*

Комората ги претставува компаниите кои работат со широк спектар на ИКТ производи и услуги во Македонија и од своето основање во 2000 година, како непрофитна и волонтерска институција, на своите компании членки им овозможува пристап до информации, едукација, правни совети, соработка, вмрежување и промоција на домашно, регионално и меѓународно ниво, се со цел унапредување и развој на ИКТ индустријата.

## АКТИВНОСТИ И УСЛУГИ - Како МАСИТ може да допринесе за успехот на Вашата компанија?

**ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ**
- ✓Правни совети и асистенција за законска усогласеност
- ✓Подобрување на актуелната и создавањето на новата регулатива од ИКТ сферата
- ✓Позициски документи /лобирање

**ЕДУКАЦИЈА**
- ✓Технички обуки и сертификација
- ✓Работилници и инфо-сесии
- ✓Ре-квалификација и до-квалификација
- ✓Формално и не-формално образование за ИКТ

**ИНФОРМАЦИИ и трансфер на знаење**
- ✓Информации за настани и случувања во ИКТ секторот
- ✓Извештаи за ИКТ пазарот
- ✓Публикации
- ✓Консултативни услуги за членките

**НАСТАНИ И ВМРЕЖУВАЊЕ**
- ✓Годишно Собрание
- ✓Годишна конференција
- ✓Новогодишна забава
- ✓Работилници, инфо сесии, обуки и други формални и не-формални настани

**ИЗВОЗНА ПОДДРШКА**
- ✓Градење на извозни капацитети
- ✓Б2Б средби и учество на саеми во странство
- ✓Советодавни услуги за настап на компаниите на странски пазари

**ПРОМОЦИЈА**
- ✓MASIT NEWS
- ✓МАСИТ Е-Информатор
- ✓Веб страна и социјални медиуми
- ✓Организација на комерцијални настани

**ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЈАКНЕЊЕ**
- ✓Работа на проекти
- ✓Поддршка на членките за работење на ЕУ проекти
- ✓Зголемување на членството
- ✓Соработка и партнерства

**ДРУГИ**
- ✓Програма за попусти и бенефиции за членството
- ✓Користење на сала за состаноци во центарот на градот.



МАСИТ, ул. Коста Веселинов бр. 6, влез 1, кат 1, 1000 Скопје, www.masit.org.mk contact@masit.org.mk

## УСЛОВИ ЗА ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО

### Редовно членство



- ✓Правно лице кое има регистрирано претежна дејност од пошироката област на ИКТ
- ✓има седиште во Република Македонија
- ✓има регистрирана дејност над една година
- ✓е активно во правниот промет
- ✓не е во постапка на стечај, ликвидација или присилно порамнување кое води во стечај или ликвидација
- ✓не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност
- ✓на пазарот на стоки и услуги работи во согласност со стандардите со Кодот на честа на МАСИТ

### Придружно членство

Под придружно членство се подразбира членство кое по однос на правата и обврските е изедначено со редовното членство со исклучок на правото на членување во телата на МАСИТ. Сепак придружниот член има право на присуство и дискусија и давање на предлози на состаноците на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор кое право не е ограничено, но е без право на глас.

- ✓Меѓународните компании и општо признати брендови од областа на информатичките и комуникациските технологии можат да се зачленат како придружни членови во МАСИТ доколку немаат регистрирано субјект со статус на правно лице со седиште во Република Македонија, но имаат локален претставник или лице за контакт.
- ✓Образовните институции од Република Македонија (универзитети, факултети, средни училишта) можат да се зачленат како придружни членови во МАСИТ.
- ✓Правните лице од Република Македонија кои се со регистриран статус во Регистерот на други правни лица при Централниот Регистар на Македонија, како и друштвата чија претежна дејност не е од областа на ИКТ, можат да станат придружни членови во Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии- МАСИТ Скопје, доколку имаат активности во своето работење кои имаат допир и се од полза на ИКТ индустријата.

## ЧЛЕНАРИНА

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зачленување во МАСИТ** (еднократно) | Без надомест | **240 Евра** | | | | | |
| **ГОДИШНА ЧЛЕНАРИНА** | **МИКРО** | **Категорија 1** | **Категорија 2** | **Категорија 3** | **Категорија 4** | **Категорија 5** | **Категорија 6** |
| Редовно членство | **120 евра** | **200 евра** | **250 евра** | **300 евра** | **500 Евра** | **1000 евра** | **2000 евра** |
| Придружно членство | **250 евра** | | | | | **500 евра** | **1000 евра** |
| годишен приход во последната фискална година | до 50.000 евра и 3 години од основање | до 100.000 евра | од 100.000 евра до 500.000 евра | од 500.000 евра до 2.000.000 евра | од 2.000.000 евра до 10.000.000 евра | од 10.000.000 евра до 100.000.000 евра | над 100.000.000 евра |

- Износите се фактурираат во денарска противвредност и на истите се пресметува + 18% ДДВ
- Годишната членарина е дефинирана во зависност од големината на Друштвата - членки во однос на нивниот годишен приход во последната фискална година, на основа на податоците доставени до Централниот Регистар на Република Македонија.
- За друштвата кои ќе стапат во членство на МАСИТ во текот на годината, членарината се пресметува соодветно според бројот на остатокот на месеците во тековната година, сметано од почетокот на наредниот месец од денот на стапување во членство.
- Контактирајте не за дополнителни можности за ПАТРОН ЧЛЕНСТВО



МАСИТ, ул. Коста Веселинов бр. 6, влез 1, кат 1, 1000 Скопје, www.masit.org.mk contact@masit.org.mk

## ПОСТАПКА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

Компанијата ги доставува **потребните документи**

- Пристапница
- Изјава за прифаќање на код на честа
- Профил на компанијата
- Тековна состојба од ЦРМ

Управниот одбор на МАСИТ го одобрува зачленувањето

Компанијата е поканета да присуствува на седницата на УО и да се претстави пред УО

МАСИТ издава фактура за зачленување и членарина

Компанијата се додава во листата на членки и почнува редовно да ги добива информациите

**ЧЛЕН НА МАСИТ**

- По плаќањето компанијата се стекнува со сите права и обврски по основ на членството
- МАСИТ издава потврда/сертификат за членство

Пополнетите и потпишани документи за аплицирање за членство се доставуваат до МАСИТ, ул. Коста Веселинов бр. 6, 1 влез, 1 кат.

## РЕГУЛАТИВА ПОВРЗАНА СО ЧЛЕНСТВОТО

### СТАТУТ на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ Скопје

Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје се основа за унапредување на правно - економскиот и деловен амбиент во Република Македонија, унапредување на стручните и деловните обичаи и норми, воспоставување на соработка со релевантни домашни и странски институции, застапување и заштита на интересите на стопанските субјекти на територијата на Република Македонија, а кои работат во областа на информатичката и комуникациската технологија (во понатамошниот текст: ИКТ).
Во Комората се зачленуваат правни и физички лица вршители на дејност со седиште односно живеалиште во Република Македонија, а кои вршат дејност од областа на информатичката технологија и комуникациите и кои својот статус го потврдуваат со упис во соодветен регистар или на друг начин со кој е идентификуван нивниот статус.
Линк до целосниот текст од Статутот на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ Скопје

### КОД НА ЧЕСТА на честа на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ Скопје

Членовите на МАСИТ се обврзуваат да го почитуваат Кодот на Честа со цел да се осигура почитувањето на високи стандарди во сите сегменти на делување на членовите на МАСИТ. Кодот ја рефлектира посветеноста на членовите на МАСИТ да го одржат високото ниво на етика и почитување на нивниот однос со јавноста, другите членови, компании кои не се членови на МАСИТ и потрошувачите.
Линк до целосниот текст од Кодот на честа на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ Скопје

### Правилник за прием во редовно и придружно членство

Со овој правилник се уредуваат условите, критериумите и постапката за прием и престанок на членството во Комората МАСИТ.
Членството во Комората МАСИТ може да биде редовно и придружно.
Линк до целосниот текст од Правилникот за прием во редовно и придружно членство.

### Правилник за одредување на височината и плаќањето на членарината на членките на стопанската комора МАСИТ

На основа член 7 од Статутот на Стопанската Комора за Информатичка и Комуникациска Технологија МАСИТ Скопје, со овој правилник се дефинираат категориите и височината на членарината на редовните и вонредните членки на МАСИТ, како и начинот на плаќањето на истата.
Линк до целосниот текст од Правилникот за одредување на височината и плаќањето на членарината на членките на стопанската комора МАСИТ.

За Ваше дополнително информирање, на следниот линк на разгледување Ви е достапна целата регулатива на МАСИТ.

# УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА МАСИТ



## СОБРАНИЕ НА МАСИТ

Собранието на Комората е највисок орган и него го сочинуваат сите членови. Членовите на Комората МАСИТ за заедничките работи одлучуваат на Собрание на Комората МАСИТ кое се одржува еднаш во годината во месец Март.

- **Горан Попоски, АСИ – Претседател на Собрание**

## УПРАВЕН ОДБОР НА МАСИТ

Управниот Одбор на Комората е нејзин орган на управување. Оперативното управување, работење и донесување на одлуки во име на МАСИТ, освен оние кои се останати во надлежност на Собранието, како делегирано право ги врши Управниот Одбор избран од Собранието.

- **Анета Антова Пешева, Ултра, Претседател**
- **Илија Господинов, Ендава, Заменик претседател**
- Драган Чепујноски, оне.Вип
- Благој Христов, Македонски Телеком
- Теди Цоневски, Неотел
- Зоран Лазаревски, Ассеко СЕЕ
- Александар Убавков, Мусала софт
- Владимир Робевски, Исоурце
- Ненад Чубриновски, Инплеер

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА МАСИТ

Надзорниот Одбор врши надзор врз законитоста, материјално–финансиското работење и правилноста на работата на Комората и за својата работа го известува Собранието на Комората.

- Горан Митев, Едусофт,
- Фросина Денкова Зафировска, ИТ Лабс
- Дејан Гавазов, Брансис

## СУД НА ЧЕСТА НА МАСИТ

Судот на честа се грижи за прашањата поврзани со добрите деловни обичаи и морал, како и за неизвршување на обврските и повредите на актите на Комората.

- Викторија Дранговска, Коде ИТ Солутион
- Тошо Трајанов, Адева Ит
- Димитар Јаневски, Инбокс

# ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МАСИТ

| **Анита Никова** | **Елена Столеска** | **Стефан Додевски** | **Александра Чавдаревска** | **Билјана Прличкова** |
|---|---|---|---|---|
| Извршен директор | Извршен асистент | Асистент на проект | Правник | Оперативен директор |
| 075 280 506 | 075 280 507 | 078 296 487 | 078 360 570 | 075 280 506 |
| Anita.nikova@masit.org.mk | elena.stoleska@masit.org.mk | Stefan.dodevski@masit.org.mk | Aleksandra.chavdarevska@masit.org.mk | biljana.prlichkova@masit.org.mk |



Следете не на